:

Извештај од работилницата на тема:
**"Вклученост на ромските деца во образовниот систем на општина Куманово"**

Во организација на Фондацијата Институт Отворено Општество- Македонија (ФИООМ) и здружението Заеднички вредности - Скопје, на 12 мај 2008 година во хотел „Сателит"- Куманово се одржа работилница на тема **"Вклученост на ромските деца во образовниот систем на општина Куманово".**

Работилницата е дел од активностите на проектот„Живеење во мултиетничка средина- граѓани со еднакви права, можности и заштита", финансиран од Европската Комисија и ФИООМ.
На работилницата присуствуваа 24 учесници од локалната самоуправа, невладиниот сектор, канцелариите на Народниот правобранител, Центарот за социјални работи, како и претставници на основните и средните училишта од општина Куманово.
На работилницата присустуваа и претставници на проектниот тим, и тоа: Тамара Ќортошева, Роза Јаневска, Даниела Настевска и Анита Војновска- Наумовска.
Фасилитатор на работилницата беше Марио Вељковиќ, а ко-фасилитатор Ерол Адемов.

## <u>Цели на работилницата</u>

Утврдување форми на примена на усвоениот Локален акционен план за Декадата за вклучување на Ромите во сферата на образованието, како и осмислување акции во насока на сензибилизирање на родителите, учениците и наставниците од различна етничка припадност заради поголема опфатеност на ромските деца во образовниот систем.

## <u>Задачи на работилницата</u>

- Анализа на состојбите поврзани со имплементацијата на Локалниот акционен план за социјална инклузија на Ромите на град Куманово во однос на вклученоста на ромските деца во образовниот систем;

- Генерирање на предлози за подобрување на соработката помеѓу локалните фактори, актери и корисниците во областа на образованието на ромските деца;
- Рационализирање на приоритетите;
- Подготовка на предлог план за акција за периодот 2008-2009 г.

**Методи на работа**

Комбинација на активни форми како дискусија во голема група, практични примери, практична работа во мали работни групи со пасивни форми како презентација, коментари и препораки.

**Очекувани резултати**

Следејки и практицирајќи ги предложените методи учесниците ќе:

1. ...направат анализа на моменталните состојби поврзани со вклученоста на ромските деца во образовниот систем;
2. ...направат анализа на моменталните состојби поврзани со вклученоста на ромските деца во програми за поддршка на образованието кои се спроведени или моментално се спроведуваат од страна на локални и други НВО;
3. ...ги ревидираат образовните приоритети по области за периодот 2008-2009 год. и ќе подготват план за акција;
4. ...подготват концепти за следни чекори.

**ПРОЦЕС**

Работилницата беше дизајнирана и се реализираше преку 3 работни сесии (работилници). Се работеше пленарно и во 3 мали работни групи. После секоја работилница резултатите беа презентирани пред целата група и пленарно беа анализирани и ревидирани.
Работилницата беше поделена на три теми и тоа:

1. Како до подобра соработка помеѓу локалните фактори, актери и корисници
2. Одредување приоритети по области за периодот 2008-2009 год. и подготовка на план за акција
3. Подготовка на концепти за следни чекори

Учесниците беа поделени во три групи и тоа:

1. Предучилишно и основно образование
2. Средно образование
3. Високо образование и образование за возрасни

Во првата сесија на работилницата беа разгледани состојбите поврзани со имплементацијата на Локалниот акционен план за социјална инклузија на Ромите на град Куманово во однос на вклученоста на ромските деца во образовниот систем.
Покрај ова, групите дадоа и предлози за подобрување на соработката помеѓу локалните фактори, актери и корисници во областа на образованието на Ромите.

Во втората сесија на работилницата се разгледаа и редефинираа приоритетите за периодот 2008/2009 год. Самата природа и суштина на потребите и проблемите кои

беа опфатени овозможија лесно приоритизирање така што групата лесно дојде до консензус.

Во рамки на третата сесија/работилница групата подготви план за акција и предложи конкретни мерки за перодот јуни 2008 – декември 2009.
Пред крајот на работилницата учесниците имаа можност вербално со личен исказ, но и со пополнување на формулар за евалуација истата да ја оценат.

## Резултати од работата во групи

### Група 1

**Предучилишно и основно образование**

| Што досега е спроведено? | Што може да биде подобро? | Како? |
|---|---|---|
| 1.База на податоци (0 - 6) год. (Кхам) за населба Средорек за образование на Роми.<br>Несинхронизирани бази на податоци-некомплетни. | Единствена база<br>Со постојано ажурирање | ЛС во партнерство со локални НВО кои ќе бидат носители на активностите |
| 2.Детски паралелки во градинки (НВО) опфатени вкупно 153 деца врз основа на програмите на локалните НВО Даја.<br>Проект Инклузија на деца Роми.<br>Цел совладување на македонскиот јазик и стекнување со хигиенски навики.Изготвено информатори. | Опфатеност на поголем број на деца од 3 - 5 год.<br>Помош од ЛС за зголемување на бројот на ромски деца | Финансиско ослободување на тие ромски деца.<br>Отварање на нови работни места.<br>Изработка и развој на Програма и план на ЈУ “ Ангел Шајче “ со одлука на Советот на општина Куманово. |
| 3.Туторство<br>- книги (мал број) и школски прибор за 383 деца. Три центри за едукација и работилници.<br>4. Вклучување на родителите во едукативен систем.<br>(родители во Советот на родители, не секаде)<br>5.Соработка со ООУ и институции.<br>Меморандум за соработка ( НВО и ООУ)<br>Сензибилитација на дел од наставниот кадар во ООУ. | Поголема финансиска поддршка за книги и школски прибор<br>Изработка на Програма за родители (воспитно образовна програма за работа со своите деца)<br>Поголем број на проекти за сензибилизација.<br>Потреба од континуираност | Изработка на проекти до Меѓународната заедница.<br>Користење на средства од ЕЛС<br>Континуираност на активностите |

| | | |
|---|---|---|
| 6. Пирментори<br>( волонтерство)<br>Ментори - врсници<br>7. Организиран упис во основно образование<br>8. Посета на семејства (нередовност - причини)<br>9. Интеркултурна едукација - континуитет. | Координираност на активности<br>Неразработени елементи<br>Сезонска работа | Координираност на активности<br>Неразработени елементи<br>Сезонска работа |

**Приоритети за предучилишно и основно образование**
**во периодот 2008 - 2009 год.**

1. *Изработка на дата база на информации во локалната самоуправа (одделение за образование, култура, спорт и рекреација);*

2. *Развој на механизми, координирање на активности во партнерство со НВО;*

3. *Зголемување на опфатеноста на ромските деца во предучилишно образование - градинки за 10%;*

4. *Локалната самоуправа да изработи програма за ЈУ „Ангел Шајче“ за 2009 година.*

**Можни извори**

Буџет од локалната самоуправа

Проекти од странски донации

Проекти од МТСП

5. *Изготвување Програма за работа со родители од страна на НВО, ООУ и релевантни институции.*

## С Л Е Д Н И   Ч Е К О Р И

| Проблем Приоритет | Цел | Активност | Очекувани резултати | Рок | Спроведувач |
|---|---|---|---|---|---|
| Немање на податоци, организација за инплементација на акциониот план. | Инплементација на акционите и оперативните планови 2007-2011 | Изработка на база на податоци | Оформена база на податоци | јуни 2008-декември 2008 | ЛС, НВО институции на локално ниво |
| Мал опфат на ромски деца во предучилишни установи. | Зголемување на опфатот (10%) на ромски деца во градинки и центри | Изработка (дополнување) на годишна програма на Ангел Шајче за 2009 година за ромските деца | Зголемен број на опфат за 10% | септември 2008 - декември 2008 | ЛС, Ангел Шајче, НВО и институции |
| Низок степен на свеста кај родителите Роми за важноста и значењето на образованието. | Анимирање (вклучување на родителите во овој процес) | Изработка на програма за работа со родители | Подигната свест 15% | септември 2008-февруари 2009 | НВО, ЛС и институции |
| Недостаток на учебници | Поголем % на деца Роми во образованието | Обезбедување на учебници за ученици Роми во основното образование | Обезбедени учебници | јануари 2009-август 2009 | НВО, ЛС, ОУ и донатори |
| Недостаток на готови проекти за користење на ЕУ фондови | Решавање на постоечки проблеми дефинирани во акциониот план | Изработка на проекти | 10 до 15 готови проекти | октомври 2008-декември 2009 | НВО, ЛС и институции |

**Група 2** **Средно образование**

| Што досега е спроведено | Што може да биде подобро | Како |
|---|---|---|
| Зголемен број на запишани средношколци Роми по завршувањето на 8 одд. | Подобрување на координацијата помеѓу образовните институции, НВО, родители, средни училишта и Центарот за социјална работа. | Со заедничка работа преку договарања на состаноци, средби, работилници и сл. |
| Обезбедено е дел од училишен прибор и учебници (подобрено). | Работа на мотивација во основно образование за запишување во средно образование (можности за вработување преку соодветна и правична застапеност). | Преку укажување за побрзо вработување и подобар живот. |
| Подобро информирање (опфакање и упис во средни училишта). | Дообразование односно доформување на средното образование (прекинато) | Обезбедување на средства преку Мин. за образование и ЛС. |
| Доформување на средното образование (едногодишна програма за вонредно учење за 30 лица, доформување на 3 и 4 степен.) Меморандум за соработка | Обезбедување на учебници и стипендии. Материјална помош на семејства во кои има средношколци. | Министерство за образование, Министерство за труд и социјална политика, Центар за социјални работи - Куманово и НВО |
| Спроведена програма поддржана од УСАИД и ОБСЕ за 10 - 12 деца од 1 до 4 одделение. | Дополнителна настава и пружање стручна помош при учење - ментори | |
| Програма поддржана од Сорос и РЕФ Организирани повеќе работилници на повеќе теми. | Две години наназад не се доделуваат стипендии. | Активирање на наставен кадар во училишта за организирање на дополнителна настава за ромска популација, како и ангажирање на стручни лица - волонтери. |

**Приоритети за средно образование на Ромите во општина Куманово за периодот 2008 - 2009 година**

1. *Зголемен број на запишани ученици, односно организиран упис на сите 8-одделенци, околу 50 ученици Роми;*

*2. Едукација на родители за важноста на образованието ( укажување на модели) и надминување на стереотипи и предрасуди кај ромската популација;*

*3. Дооформување на средно образование и обезбедување стипендии или материјална помош за семејства преку Центарот за социјална работа - Куманово за околу 50 средношколци Роми.*

## С Л Е Д Н И   Ч Е К О Р И

| Приоритет | Цел | Активност | Очекувани резултати | Рок | Спроведувач |
|---|---|---|---|---|---|
| Зголемување на бројот на ученици во средно образование (50 ученици) | Зголемен број на запишани Ромски деца во средни училишта | Организиран упис преку едукација за потреба од средно училиште (трибини, работилници) | 50 запишани ученици Роми. | До 1 септември 2009 | Средни училишта, НВО, ЛС, Министерство за образование |
| Едукација на родители за важноста на образованието и на деца преку укажување на модел и надминување на стереотипи и предрасуди кон ромската популација | Зголемен број на запишани деца во средно образование (сензибилиза-ција на ромска популација) | Кампања медиумска, пишана, електронска (веб страна) | Запишани 50 ученици | До 31 август 2009 | НВО, ЛС, Министерство за образование |
| Обезбедување стипендии и материјална помош за семејства | Зголемен број на запишани деца во средни училишта | Обезбедување на средства преку Мин. за образование и донаторска конференција | Обезбедени средства за 4 год. за 50 ученици средношколци | До 31 август 2009 | НВО, ЛС, ЦСР - Куманово, Мин. за образование, Мин. за труд и социјална политика. |

**Група 3**

## Високо образование и возрасни

| **Што досега е спроведено** | **Што може да биде подобро** | **Како?** |
|---|---|---|
| | **Високо образование** | |
| Утврдена е база на податоци | Стипендирање на сите ромски студенти | Држава, донатори и Министерство за образование |
| 1. Потенцијални | Упис на политика на Универзитети | Правична процентуална застапеност и без злоупотреба |
| 2. активни 10 од НВО | Државни стипендии | Лобирање за бесплатно студирање |
| - Активните студенти, веќе имаат добиено стипендија од РЕФ и Ромаверситас | Укинување на партиципација | |
| -Ментори, обуки, семинари, летни школи и курсеви | | |
| | **Возрасни** | |
| - ОУ ”11 октомври“ има лиценца за работа со возрасни од 9 -12,15<br>- 2006/2007 имаше 4 паралелки - 80 лица<br>- финансирани од УНИЦЕФ | Одобрување финансии од Министерство за образование | Лобирање кај ромски семејства и институции |
| - лобирано е во Министерство за образование за реактивирање на овие вечерни училишта. | Реактивација на поранешни институции | Лобирање |
| | Воспоставување добра релација помеѓу Министерство за образование, локална самоуправа и подрачна единица на Министерството за образование | Средби, трибини и работилници |
| | Вклучување на ромски НВО во реализација на наставната програма за возрасни | Средби, техничка поддршка, дата база. Проширување на стипендирање на сите факултети |

**Приоритети за областа на високо образование и образование за возрасни во периодот јуни 2008 - декември 2009**

1. *Формирање на база на податоци за сите Роми на високо образовните институции, во склоп на локалната самоуправа;*

*1.1 Зголемување на стипендии од општина Куманово, чиј број сега изнесува 1 стипендија; да се зголеми на 3 стипендии до 2009 година;.*

*1.2. Континурана соработка со Ромаверзитас, РМУСП и РЕФ;*

*2. Формирање на база на податоци на лица кои немаат оформено основно образование, во склоп на локалната самоуправа;*

*2.1. Активирање на училишта за возрасни од страна на локалната самоуправа;*

*2.2. 20% од вкупниот број на пријавените за образование на возрасни да го оформат основното образование до декември 2009 година. (јануари 2009 - декември 2009 год.);*

*3. Одвојување на дел од буџетот од локалната самоуправа, донации за обезбедување бесплатни учебници;*

*4. Изработка на проекти за аплицирање на ЕУ* фондови.